


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Високонапонски постројки, Група Проект менаџмент, бараме:

# ЕЛЕКТРО ИНЖЕНЕР - СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Реализација на инвестициски проекти и проекти за одржување - управување со изградба на 110 kV и 35 kV водови и 110 /xx kV и 35/xx kV трафостаници - проектен менаџмент
- Реализирање на проекти по барање на потрошувачи (опремување на ќелии во трафостаници на ЕВН, опремување на блок ќелии во трафостаница на потрошувач, дислокација и/или каблирање на 35 kV мрежа),
- Подготовка на концепти, технички и тендерски спецификации, учество на тендери, рамковни договори
- Координирање на тимот за примарна техника, како и тимот за релејна заштита во насока на реализација на проектите

**Потребни компетенции**

- Електро-технички факултет - Енергетика
- Познавање и користење на MS Office
- Соодветно претходно работно искуство 3 години
- Одлично познавање англиски јазик
- Возачка дозвола Б категорија
- Одговорност, флексибилност и тимска работа

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 19.09.2023.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува   encourage охрабрува   enable овозможува